Врз основа на член 10 од Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи аптеки („Службен весник на Република Северна Македонија” број 198/2019) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 јуни 2023 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарна здравствена заштита

### Член 1

За извршена здравствена услуга за обезбедување на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита, Фондот плаќа надоместок на организационите единици – аптеки по реализиран рецепт согласно прописите.

Надоместокот од став 1 на овој член се утврдуваат во висина од 22% од референтната цена односно големопродажната цена без ДДВ за лекот кој е фактуриран до Фондот, но не повеќе од 180,00 денари по реализиран рецепт.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 2023 година.

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр.02-17714/3 од 28.10.2019 година.

**Број: 02-12382/4**
**21.06.2023 година**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР/ BORDI DREJTUES**
**Претседател / Kryetar**
**D-r Bekim Pocesta**